ИСТОЧЕН РЕГИОН

Министерство за локална самоуправа

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

BUREAU FOR REGIONAL DEVELOPMENT

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08-355/1
11.12. 2023 год.
ШТИП

# ЗАПИСНИК

## од Прва форумска сесија во Источниот плански регион

**Датум: 06.12.2023 година, Место: Хотел Изгрев - Штип, Време: 10:30 часот**

**Присутни граѓани:** Вкупно: **66**

Мажи: **30** Жени: **36** Ранливи групи: **1**

**Модератор: Васка Драшковиќ, ко-модератор: Андреа Златковска**

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

| | |
|---|---|
| 10:30 – 11:00 | Пристигнување и регистрација на учесниците |
| 11:00 – 11:15 | ✓ Вовед во форумската сесија<br>✓ Обраќања<br>– Претставник од МЛС/БРР/Донатор<br>– г-ѓа Зујица Ангелова – директор на Центар за развој на Источен плански регион |
| 11:15 – 11:45 | Презентирање и избор на приоритетни стратешки области и комплементарни подобласти за развој на регионот |
| 11:45 – 12:15 | ✓ Структурирање на форумот/распределување по работни маси<br>✓ Утврдување на правила за работа<br>✓ Презентација на форумскиот процес |
| 12:15 – 12:30 | Презентација на процесот и критериумите за проекти финансирани од МЛС/БРР |
| 12:30 – 12:45 | Кафе пауза |
| 12:45 – 13:45 | ✓ Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со стратешките области и подобласти за развој на регионот за проекти финансирани од МЛС/БРР;<br>✓ Дискусија по работни маси и презентација;<br>✓ Групирање на проблемите; |
| 13:45 – 14:00 | Оценка на форумската сесија и договор за следна сесија |
| 14:00 | Коктел |

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Форумската сесија ја отвори модераторот г-ѓа Васка Драшковиќ која ги поздрави присутните, им посака добредојде и успешна работа на Првиот регионален форум, а воедно на присутните им даде кратко објаснување за проектот, го презентираше

дневниот ред и ги потенцираше целите кои што треба да се постигнат на крајот на Првата форумска сесија.

По воведот во Првата форумска сесија, поздравно обраќање имаше и директорката на Центарот за развој на Источен плански регион г-ѓа Зујица Ангелова, која ги поздрави присутните и се заблагодари за присуството. Во своето излагање, г-ѓата Ангелова даде краток осврт кон Програмата за рамномерен регионален развој 2024/2025, каде вкупниот буџет би изнесувал исто како претходната година околу 47–50.000.000,00 милиони денари, со минимален праг за еден предлог-проект од 6.000.000,00 денари. Воедно, на присутните преку кратка презентација им беа презентирани реализираните проекти и проектите во завршна фаза на реализација од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022-2023 година, а г-ѓата Ангелова ги соопшти резултатите од поднесените предлог – проекти за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 – 2024 година за кои проекти Договорите за реализација со Бирото за регионален развој беа потпишани на 27.11.2023 година.

По поздравното обраќање на директорката, модераторот на присутните им даде детално објаснување за правилата на форумот и сите чекори во процесот на идентификација на проектните предлози.

Откако се поставија основите за работа на форумскиот процес и присуните немаа дилеми во однос на правилата, своја презентација имаше и ко-модераторот за Правилникот за спроведување на регионални форуми и Правилата предвидени за спроведување на оваа форумска сесија, стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на Источен плански регион 2021 – 2026 година, критериумите за регионален проект, минималниот вредносен праг по проект, како и карактеристиките од кои барем една треба да задоволува одреден проект за да се смета за регионален проект, како и компонентите кои треба да ги содржи еден регионален проект. Притоа, г-цата Златковска ја потенцираше идентификуваната визија за Источниот плански регион која треба да се има во предвид при идентификувањето на регионални проблеми на овие форуми.

Потоа следуваше процесот на избор на области и подобласти кои ќе бидат работни теми на форумот и беа дадени инструкции од страна на модераторката за начинот на избор.

Имајќи ги превид стратешките цели, приоритети и мерки идентификувани во Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, првата одлука која беше донесена на Првата форумска сесија беше за изборот на приоритетните области кон кои треба да биде насочен развојот на регионот во 2024 година. Согласно индивидуалното гласање на 65 присутни учесници, изборот на приоритетните области беше сведен кон следното:

- ✓ С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот – 1 учесник;
- ✓ С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги – 24 учесници;
- ✓ С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси – 33 учесници;

- ✓ С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини – 1 учесник; и
- ✓ С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација – 6 учесници.

Согласно гласањето, форумот ја донесе првата одлука во однос на избор на приоритетни области и соодветните подобласти:

- ✓ С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси – 33 учесници; и
- ✓ С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги – 24 учесници.

Откако беа утврдени приоритетните области, модераторот ги повика присутните учесници дека треба да се направи структурирање на форумот и распределување по работни маси, на кои учесниците по своите интереси, афинитети и цели за присуство ќе се распределат по работни маси. Од страна на Оперативната група беа предложени неколку предлози за работни маси, со тоа што се остави простор за надополнување со нови работни групи доколку не беа опфатени со дадените предлози:

1. Социјални услуги;
2. Туризам и култура;
3. Животна средина;
4. Рурален развој и земјоделие;
5. Образование, спорт и млади;
6. Економија, пазар на труд и бизнис сектор;
7. Здравствени услуги;

Учесниците го прифатија предлогот од **7 (седум) работни маси**, со тоа што по поединечното изјаснување на учесниците распоредот по работни маси е следниот:

1. Животна средина – 14 учесници;
2. Образование, спорт и млади – 12 учесници;
3. Туризам и култура – 10 учесници;
4. Социјални услуги – 8 учесници;
5. Рурален развој и земјоделие – 7 учесници;
6. Економија, пазар на труд и бизнис сектор – 8 учесници;
7. Здравствени услуги / здравство – 6 учесници;

Откако форумот се структурираше по работни маси и беше спремен за работа, модераторот ги потсети на правилата за работа на форумот преку кратка презентација, по што следуваше усвојување на овие правила од страна на учесниците на форумот. Г-ѓата Драшковиќ повторно ги потсети учесниците за каратеристиките на еден регионален проект, штое претставува регионалната димензија, која е улогата на регионалниот форум, како и можноста да преку дебата се дискутираат локалните проблеми и идентификување и дименизирање во регионални аспекти.

Откако учесниците беа запознаени со форумскиот процес, проектот, карактеристиките и целите, форумот преку дискусија во рамките на работните групи работеше на

идентификување на приоритетните проблеми со кои се соочува регионот, кои се најнеопходни и најитни за адресирање, а се во рамките на претходно избраните приоритетни облсти и подобласти.

После дискусиите во работните маси, претставниците на работни групи преку презентација на внатрешните дискусии предложија 28 приоритетни проблеми, слични или комплементарни, кои подоцна беа групирани во 6 групи на приоритетни проблеми и тоа:

- ✓ Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (подобрување на образовните услови);
- ✓ Потреба од опремување со возила за собирање на смет, возила за одржување на јавна хигиена и возила за потребите на општинската администрација на електричен погон;
- ✓ Недостаток од специјализирани возила и сензорни соби за лица со посебни потреби;
- ✓ Регионален стационар за згрижување на кучињата скитници;
- ✓ Изградба на нова туристичка инфраструктура, ЛЕД осветлување;
- ✓ Противпожарна заштита;

Вака идентификуваните групи на приоритетни проблеми ќе послужат да надворешниот експерт и Центарот за развој на Источен плански регион да идентификуваат предлог концепти и решенија, за кои форумот во втората сесија ќе ги приоритизира врз основа на изработена анализа на трошоци и придобивки (cost benefit analysis), ќе се изработи приоритетна листа на предлог-проекти која ќе се достави на усвојување до Советот за развој на Источен плански регион, како би можел Центарот за развој на Источен плански регион за истите да подготви соодветна апликација и да ги предложи за финансирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2024/2025 година.

На самиот крај следуваше оценка на сесијата од страна на учесниците, најава за следните чекори и одржување на следната сесија кон крајот на месецот за што подетално ќе бидат информирани сите учесници.

Првата форумска сесија заврши околу 14 часот при што модераторот се заблагодари за учеството во форумскиот процесна сите присутни и ги повика на повторна средба на следната форумска сесија.

***Заклучоци и препораки***

Сесијата помина во најдобар ред соодветно дневниот ред и поставените цели и беа постигнати следните резултати:

- Избрани области и подобласти;
- Формирана структура на форумот и усвоени правила за работа;
- Презентиран форумскиот процес, проектот, карактеристиките и целите;
- Идентификувани 28 приоритетни проблеми и 2 препораки (за прочистување на земјиштето од загаденост и подобрување на услови за вработување и економијата);
- Произлезени 6 групи на приоритетни проблеми;

- Оценета сесија;
- Најавени следни чекори и следна сесија.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

| |
|---|
| Од вкупно присутни 65 учесници на форумот, прашалник за оценка на првата форумска сесија пополниле 58 учесници или 89.23%. |
| Во однос на половата застапеност, добиени се одговори од 82.76% од пополнетите евалуации и тоа 34.48% мажи додека 48.28% се жени. Одговор на ова прашање не дале 17,24% односно 10 лица. |
| Ако се погледне возрасната структура на присутните, 21,82% од присутните лице се на возраст 18-34 години, 70,91% се на возраст 35-60 години, додека пак 4 лица се постари 60 години. |
| Од доставените прашалници е воочливо дека сите кои го пополниле прашалникот се идентификувале како Македонци, а само еден одговор е добиен на прашањето за припадност кон ранлива категорија – лица кои работат во сивата економија. |
| Во однос на корисноста на Првата форумска сесија, сите учесници кои пополниле лист за евалуација се изјасниле дека форумската сесија била корисна, а што се однесува за прашањето за постигнување позитивни резултати и очекувања – 96,55% сметаат дека форумската сесија ги исполнила нивните очекувања, додека пак само 1 учесник не успеал да забележи позитивни резултати. |
| Согласно дадените оценки за квалитетот, организацијата и спроведувањето на форумската сесија, 81,03% од присутните сметале дека организацијата и квалитетот на сесијата бил на највисоко ниво,15,52% се изјасниле дека добиле за многу добар впечаток за форумската сесија, додека пак само 1 учесник ја оценил сесијата со средна оценка. |
| Учесниците кои што беа присутни на Првата форумска сесија во најголем дел, односно 79,31% се претставници на јавниот сектор т.е. вработени во јавните институции од Источниот плански регион. По двајца претставници биле присутни како претставници од пензионерите, бизнис и граѓанскиот сектор, а по еден претставник имаше од редот на учесниците/студентите и на занаетчиите. |
| Како коментари/препораки од Првата форумска сесија, учесниците сметаат дека организација била на соодветно ниво, искажале пофални зборови за модераторот и начинот на кој е водена сесијата, дека очекувањата биле исполнети, како и препорака за зголемување на средствата кои што се достапни за да можат што повеќе проблеми на граѓаните од Истокот да бидат адресирани. |

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записничар:
Андреа Златковска

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН Штип

**Прилози** - Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Р. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/ избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **С.Ц.3. Одржливо управување со животната средина и природните ресурси** | **33 учесници** | **1/ Избран** | |
| 2 | **С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги** | **24 учесници** | **2/ Избран** | |
| 3 | **С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација** | **6 учесници** | | |
| 4 | **С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот** | **1 учесник** | | |
| 5 | **С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини** | **1 учесник** | | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија за проекти од МЛС/БРР (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање- предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1.1. Несоодветни, лоши услови за одвивање на воспитно – образовен процес; Несоодветни услови, недостиг од капацитети за одвивање на** | ✓ **Реконструкција, ЕЕ на образовни објекти;**<br>✓ **Набавка на специјализирани возила за смет (поради нови локации за транспорт на отпад);** | Препорачано од Работна маса: **Образование, спорт и млади** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| инклузивно образование (деца со посебни образовни потреби);<br>1.2. Стари училишни згради, потреба од воведување на мерки за енергетска ефикасност на образовните објекти (застарена столарија, стари фасади);<br>1.3. Недостаток од моторни возила за транспорт на отпад заради затварање на нестандардните депонии и се депонирање отпад на нова локација;<br>1.4. Присуство на голем број на кучиња скитници околу образовните институции; | | | |
| 2.1. Недоволна опременост на општините со опрема за комунална хигиена на еколошки погон (за јавна чистота, за изнесување на комунален отпад); | ✓ Набавка на возило на еколошки погон за транспорт на отпад,<br>✓ Набавка на возила за јавна чистота;<br>✓ Фиторемедијација 2 на земјоделски површини 1000 хектари во општините Македонска Каменица, Пробиштип и Крива Паланка.<br>(загадената почва од постојните рудници да биде засадена со брзорастечки врби, маслодајна репка, да се претвори во обработливо земјиште). | Препорачано од Работна маса: Животна средина | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.1. Подобрување на лошите енергетски карактеристики на јавните институции;**<br><br>**3.2. Подобрување на условите за престој на децата со посебни потреби;**<br>**3.3. Недостаток на специјализирано возило за превоз на лица со посебни потреби**<br>**3.4. Непостоење на соодветна противпожарна заштитна опрема во образовните институции;** | ✓ **Реконструкција на детска градинка во Македонска Каменица (замена на азбестен кров и фасада);**<br>✓ **Сензорни соби;**<br>✓ **Набавка на специјализирани возила за Дневниот Центар за лица со посебни потреби за Берово и Пехчево;**<br>✓ **Набавка и монтажа на заштитна противпожарна опрема;** | Препорачано од работна маса: **Социјални услуги** | |
| **4.1. Лоши услови за квалитетно образование во регионот;**<br>**4.2. Неквалитетно јавно осветлување;**<br>**4.3. Недоволно искористени ОИЕ во објекти на јавни институции;** | ✓ **Создавање на енергетски ефикасни згради;**<br>**(Реконструкција на фасада на средно медицинско училиште; Реконструкција на подрачно основно училиште во с. Радање, општина Карбинци)**<br>✓ **Потреба од замена на енергетски неефикасни светилки со ЛЕД светилки во повеќе општини од регионот;**<br>✓ **Замена на азбестни кровови на јавни институции и на ЈКП и поставување на фотоволтаици во повеќе општини од регионот;** | Препорачано од работна маса: **Рурален развој и земјоделие** | |
| **5.1. Недостаток на противпожарна заштита на Осоговскиот планински регион (Општините Кочани, Пробиштип, Македонска Каменица и Делчево);** | ✓ **Опрема за справување со пожари на отворен простор и шумски пожари;**<br>✓ **Набавка на возила;** | Препорачано од работна маса: **Животна средина** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.2. Недостаток од комунални возила за вклучување во регионалниот систем за управување со отпад;<br>5.3. Енергетска ефикасност на улично осветлување<br>5.4. Потреба од реконструкција на образовните установи од регионот преку воведување на мерки за ЕЕ | ✓ Едукација за ученици од средни општински училишта; | | |
| 6.1. Недостаток на услови за квалитетно образование, стари образовни институции<br>6.2. Поттикнување на иновативни модели за користење на ОИЕ во сите општини | ✓ Реконструкција на училишта и градинки<br>✓ Потреба од набавка на електрични возила за вршење на општинските дејности; | Препорачано од работна маса: **Здравствени услуги / здравство** | |
| 7.1. Неефикасни енергетски јавни објекти (општински, образовни и останати јавни објекти);<br>7.2. Проблем со кучиња скитници;<br>7.3. Застарен и недоволен број на возила во возните паркови на општините;<br>7.4. Недостаток на млад стручен кадар посебно кај занаетчиите;<br>7.5. Присуство на сива економија; | ✓ Воведување на ЕЕ мерки на јавни објекти;<br>✓ Потреба од Регионален стационар за кучиња скитници;<br>✓ Набавка на електрични возила; | Препорачано од работна маса: **Економија, пазар на труд и бизнис сектор;** | |
| 8.1. Подобрување на услови за поквалитетно образование;<br>8.2. Недостаток од туристичка инфраструктура и ЛЕД осветлување;<br>8.3. Намалување на емисиите на СО2; | ✓ Реконструкција на јавни објекти, ЕЕ на јавни објекти;<br>✓ Замена и ново ЛЕД осветлување;<br>✓ Набавка на возила на еколошки погон за јавни институции; | Препорачано од работна маса: **Туризам и култура** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.4. Заштита и превенција од шумски пожари;** | ✓ **Набавка на противпожарна опрема;** | | |

**Табела 2.1.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Носител/ Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |